Градежен факултет Скопје
02-21 95-91
бр.
21-04-26
20 год.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 55 став 1 точка 13 од Статутот на Градежниот факултет Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/19), како и член 30 став 1 и 2 од Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии), (Универзитетски гласник бр. 622/2022), Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје на 562. седница одржана на ден 28.1.2026 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## ЗА НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ ДИПЛОМСКА РАБОТА НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ПО ГРАДЕЖНИШТВО И ГЕОТЕХНИЧКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува начинот на реализација на предметот Дипломска работа од студиските програми по Градежништво и Геотехничко инженерство на Градежниот факултет Скопје.

**Член 2**

Дипломската работа претставува самостоен стручен труд со кој студентот демонстрира способност за примена на знаења, практични компетенции и способност за примена на инженерски принципи стекнати во текот на студиите.

### ИЗБОР НА МЕНТОР И ТЕМА

**Член 3**

Дипломската работа се изработува врз основа на спроведена практична настава. Темата на дипломската работа треба да биде поврзана со содржината, процесите или задачите во кои студентот учествува при спроведување на практичната настава.

Изборот на менторот и темата се спроведува во согласност со член 32 став од Одлуката за правила на студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (последипломски студии) на Градежниот факултет Скопје (Универзитетски гласник бр.622, 19.9.2022).

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА

### Член 4

Дипломската работа задолжително вклучува 60 часа практична настава.

### Член 5

Изборот на компанијата во која ќе се спроведе практичната настава се прави во согласност со менторот.

За спроведување на практичната настава компанијата и факултетот склучуваат Договор.

### Член 6

Компанијата одредува овластен градежен/геотехнички инженер - ментор на студентот додека се спроведува практичната настава. Инженерот - ментор ја следи работата на студентот, обезбедува стручна поддршка и потврдува дека активностите се реализирани согласно професионалните стандарди.

### Член 7

Компанијата издава Потврда за успешно извршена практична настава. Формата и содржината на Потврдата се составен дела на оваа Одлука и се дадени во прилог.

### Член 8

Процесот на спроведување на практичната настава го следи и организира Комисијата за настава.

## ФОРМА И СОДРЖИНА НА ДИПЛОМСКАТА РАБОТА

### Член 9

Дипломската работа мора да биде изработена во писмена форма и да ги содржи најмалку следните делови:

1. Насловна страница
2. Апстракт
3. Содржина
4. Вовед
5. Опис на компанијата и работната средина

6. Опис на практичната настава
    - Активности и задачи
    - Методи на работа
    - Улога на студентот
    - Надзор и координација
7. Теоретска рамка поврзана со темата
    - Анализа, пресметка, моделирање или техничка обработка
8. Резултати и дискусија
9. Заклучоци
10. Литература
11. Прилози

**Член 10**

Дипломската работа се изработува во следниот формат:

- Формат на хартија: А4
- Основен фонт: Skola, 12pt
- Проред: 1.5
- Маргини: 2.5 см
- Нумерација на страници: на дното од страницата десно • Табели и слики: нумерирани, со опис и референцирани

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

Постапката за пријавување, оцена и одбрана на дипломската работа се врши во согласност со член 32 од Одлуката за правила на студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (последипломски студии) на Градежниот факултет Скопје (Универзитетски гласник бр.622, 19.9.2022).

**Член 12**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното усвојување на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет Скопје.

Декан,

.................................

Проф. д-р Јосиф Јосифовски

Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје, Република Северна Македонија, Градежен факултет Скопје